РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
Уп1 Бр. 03-97
09.03. 2023 година
Скопје

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 92 став 1 од истиот Закон, точка 6 и точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-695/1 од 10.02.2023 година и Заклучокот арх.бр.02-1007/4 од 08.03.2023 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 9-та седница одржана на 08.03.2023 година, го донесе следното

**Решение**
**за преземање мерка – јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво (ТРД) Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ, заради извршена повреда на член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), на начин што во рамките на својот телевизиски програмски сервис, на 30 јануари 2023 г., не емитуваше најмалку 30% изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-695/1 од 10.02.2023 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на ТРД Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ, во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата).

**Образложение**

Агенцијата врз основа на член 28 од ЗАВМУ е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата презема мерка - решение за јавна опомена во случаите кога е извршена повреда или прекршување на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот Закон, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Во точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка, утврдено е дека за констатираните прекршувања во тековната година, за кои веќе биле изречени мерки во претходната година, Советот на Агенцијата повторно ќе изрече мерка јавна опомена според роковите утврдени во Упатството.

Согласно член 92 став 1 од ЗАВМУ, трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 10-ти февруари 2023 г., изврши контролен, програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на ТРД Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ, емитуван на 30-ти јануари 2023 г., на локално ниво, при што констатираше дека радиодифузерот делумно постапил по решението за изрекување мерка - (Уп1 бр. 03-374 од 22.12.2022 година), односно ја отстранил само извршената повреда на член 92 став 3 (трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски

сервис се обврзани најмалку половина од обврските утврдени во ставот (1) на овој член да ги остварат во периодот од 7:00 до 19:00 часот), но продолжил со прекршување на одредбите од член 92 став 1 од ЗАВМУ (обврска дневно да емитува најмалку 30% изворно создадена програма како македонски аудио или аудиовизуелни дела).

Со надзорот е констатирано дека на 30 јануари 2023 г., телевизискиот програмски сервис на ТРД Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ, емитуваше 5 часа 59 минути и 9 секунди изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, што е 27.78% од вкупно емитуваната програма во текот на денот што влегува во пресметка за изворно создадена програма (21 час и 33 минути), односно за 28 минути и 45 секунди помалку од потребниот минимум. 30%, колку што е законскиот минимум за емитување изворно создадена програма во текот на еден ден во однос на вкупно емитуваната програма што влегува во пресметка за изворно создадена програма (21:33:00), е 6 часа 27 минути и 54 секунди.

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-695/1 од 10.02.2023 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до ТРД Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ на 10.02.2023 г., испрати Допис арх.бр.10-695/2 од 10.02.2023 г., со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-695/1 од 10.02.2023 г., со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ. Дописот беше уредно примен од страна на радиодифузерот на 13.02.2023 г. Во предвидениот рок, ТРД Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ не се изјасни за стореното прекршување на Законот. Советот на Агенцијата на седницата одржана на 08.03.2023 г., го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на ТРД Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 92 став 1 од истиот Закон, точка 6 и точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка и Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-695/1 од 10.02.2023 г., поради констатирано непочитување на одредбите од ЗАВМУ, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на 9-та седница одржана на 08.03.2023 г., согласно Заклучокот арх.бр.02-1007/4 од 08.03.2023 г., донесе Решение со кое јавно се опоменува ТРД Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ и му се наложува, во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-695/1 од 10.02.2023 г.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

______________________

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**

-ТРД Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ;
-Управителот на ТРД Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ;
-Одговорното лице на програмата во ТРД Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ;
-Секторот за правни работи и јавни набавки;
-Секторот за програмски работи; и
-Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), се доставува:

10-02-2023

| | | | |
|---|---|---|---|
| 10 | 695 | 1 | |

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. Вид надзор: контролен

2. Субјект на надзорот: телевизиски програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ

3. Период опфатен со надзорот: 30 јануари 2023 година

4. Датум на извршување на надзорот: 10 февруари 2023 година

5. Предмет на надзорот:

- Член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела. Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзани најмалку половина од обврските утврдени во ставот (1) на овој член да ги остварат во периодот од 7:00 до 19:00 часот).

6. Претходно изречена мерка:

*На 22 декември 2022 година, за непочитување на член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр. 03-374, 22.12.2022 година) на Трговското радиодифузно друштво Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ.*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. Констатации од надзорот:

Со контролниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ, емитуван на 30 јануари 2023 година, на локално ниво, е констатирано дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) делумно постапил по решението за изрекување мерка - (Уп1 бр. 03-374 од 22.12.2022 година), односно ја отстранил само извршената повреда на член 92 став 3 (Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзани најмалку половина од обврските утврдени во ставот (1) на овој член да ги остварат во периодот од 7:00 до 19:00 часот), но продолжил со прекршување на одредбите од член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (обврска дневно да емитува најмалку 30% изворно создадена програма како македонски аудио или аудиовизуелни дела.

Со надзорот е констатирано дека на 30 јануари 2023 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ емитуваше 5 часа 59 минути и 9 секунди изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, што е 27.78% од вкупно емитуваната програма во текот на денот што влегува во пресметка за изворно создадена програма (21 час и 33 минути), односно за 28 минути и 45 секунди помалку од потребниот минимум. 30%, колку што е законскиот минимум за емитување изворно создадена програма во текот на еден ден во однос на вкупно емитуваната програма што влегува во пресметка за изворно создадена програма (21:33:00), е 6 часа 27 минути и 54 секунди.

Половина од овој законски минимум е 3 часа 13 минути и 57 секунди програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, што медиумот требало да ја емитува во периодот од 07:00 до 19:00 часот. Во овој период, како што е констатирано со надзорот, ТВ КАЛТРИНА, емитувала вкупно 4 часа 25 минути и 12 секунди со што ја отстранила извршената повреда на член 92 став 3 од Законот.

8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ, на 30 јануари 2023 година, не емитуваше најмалку 30% изворно создадена програма како македонски аудио и аудиовизуелни дела.

9. Предлог мерка:

И покрај решението за изрекување мерка – опомена, донесено на 22 декември 2022 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ, продолжил со вршење на повредата од член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Оттаму:

- Во согласност со членот 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-4139/1 од 07.11.2022 година, Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ, и во согласност со точката 6 од Упатството, да му наложи во рок од 20 дена (дваесет) од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

*Сектор за програмски работи*